Врз основа на член 22-а од Законот за спорт („Службен весник на РМ“ бр. 29/02, 83/05, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 31/16, 106/16 и 190/16 година и „Службен весник на РСМ“ бр. 98/19 и 244/19) и член 38 став 1 алинеа 11 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 25/06, 08/10, 04/15, 18/14, 13/20, 02/21 и 5/21 година), Советот на Општина Гевгелија, на седницата, одржана на 14.11.2025 година, донесе:

**ПРЕДЛОГ – ПРОГРАМА**
**за измена и дололнување на Програмата за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2025 година**

1. Во Пограмата за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2025 година („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 1/25) и Програмата за измени и дополнување на Програмата за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2025 година („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 15/25), во поднасловот 4. „Мерки или тематска област“ (табеларен приказ), се вршат следниве измени и дополнувања:

- под реден бр. 6, колона „Ракометен клуб „Партизан – 2016 Спорт“- Гевгелија“, во колона „Побарани средства од Општина Гевгелија“, износот „1.000.000 денари“ се менува и гласи „1.300.000 денари“;
- под реден бр. 9, колона „Шаховски клуб „7 Ноември“- Гевгелија“, во колона „Побарани средства од Општина Гевгелија“, износот „350.000 денари“ се менува и гласи „450.000 денари“;
- под реден бр. 10, колона „Пинг-понг Клуб „Гевгдион 2023“- Гевгелија“, во колона „Побарани средства од Општина Гевгелија“, износот „50.000 денари“ се менува и гласи „150.000 денари“;
- под реден бр. 14, колона „Атлетски клуб „7 Ноември“- Гевгелија“, во колона „Побарани средства од Општина Гевгелија“, износот „1.000.000 денари“ се менува и гласи „1.500.000 денари“;
- под реден бр. 23, колона „Кошаркарски клуб „Гевгелија“- Гевгелија“, во колона „Побарани средства од Општина Гевгелија“, износот „850.000 денари“ се менува и гласи „1.350.000 денари“;
- под реден бр. 31, колона „Кошаркарски клуб „Кожув“ АД Гевгелија“, во колона „Побарани средства од Општина Гевгелија“, износот „9.500.000 денари“ се менува и гласи „11.000.000 денари“;
- во поднасловот „4. Мерки (тематска област) - во табеларниот приказ, по реден број 41 се додава реден број 42. Во колоната „Назив/ име на предлагач“ се внесуваат зборовите „Женски ракометен клуб „ГЕВГЕЛИЈА ЈУГ“ Гевгелија“, во колоната „Проект“ се внесуваат зборовите „Натпреварување во Женска младинска и Женска кадетска ракометна лига“, во колоната „Временска рамка“ се внесуваат зборовите „август-декември 2025“, во колоната „Целна група“ се внесуваат зборовите „лица на возраст од 7 до 20 години“, а во колоната „Побарани средства од Општина Гевгелија“ се внесува износот „200.000 денари“;
- реден бр. 42 се менува во реден број 43, колона „Одржување спортски терени во општина Гевгелија“, во колона „Побарани средства од Општина Гевгелија“ износот „480.000 денари“ се менува гласи „370.000 денари“;
- редот под реден број 43 „Дополнителни средства“ се брише;

- во поднасловот „7. Буџет на програма и извори на финансирање, колоната „21.000.000 денари од буџетската програма L0- Спорт и рекреација“ се менува и гласи „23.000.000 денари од буџетската програма L0- Спорт и рекреација“.

2. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

бр. 09-1537/1<br>
14.11.2025 г.<br>
Гевгелија

претседател<br>
на Советот на Општина Гевгелија<br>
Анета Стамкова

**с.р.**